Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 10/20) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за распишување**
**Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес дава согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Велес.

**Член 2**

За конституирање на Локалното собрание на млади се формира Иницијативен одбор.

Првата седница на Иницијативниот одбор ја свикува, отвора и со неа раководи највозрасниот член од избраните членови на Иницијативниот одбор.

Иницијативниот одбор го распишува повикот со цел конституирање на Локално собрание на млади во согласност со Статутот на општината по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативниот одбор е составен од пет (5) члена и се формира само за одржување на конститутивно Локално собрание на млади.

Во иницијативниот одбор може да членуваат младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување, кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Советот.

Мандатот на иницијативниот одбор престанува по одржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади.

Формите на организирање и здружување не мора да бидат регистрирани со седиште во Општина Велес, но мора да имаат активности на територијата на Општина Велес.

**Член 3**

Јавниот повик трае седум (7) работни дена, сметано од денот на објавувањето.

Јавниот повик во себе содржи, услови и начин на избор на членовите на Иницијативниот одбор.

Јавниот повик се објавува во електронска форма на интернет страницата на Општина Велес.

Пристигнатите пријави согласно Јавниот повик ќе ги разгледува посебно формирана Комисија, формирана од Градоначалникот на Општина Велес, која ќе даде предлог Мислење до Градоначалникот за избор на членови на Иницијативниот одбор.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-841/12
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Градоначалник;
-Одделение за јавни дејности;
- Младински центар - Велес и
-Списи и архива.